**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 53 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за начинот на работење на филијала на странска банка
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/25)

1. Во Одлуката за начинот на работење на филијала на странска банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/07), во точката 12 став 2, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

2. Во точката 21, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува по влегувањето во сила на измените на Законот за банките, со кој ќе се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24), во согласност со кој Извршниот одбор одлучува за издавање и повлекување согласности на банки и презема мерки кон банки коишто се предмет на супервизија во согласност со закон.

**Бр. 02-3873/15**
**4 февруари 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**